Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 311/2021
Дата......15 -03- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Кочани, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Измена и дополна на Урбанистички план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в ”Керамидница”, КО Кочани, Општина Кочани**. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 20,38 ha.

Површината за која што се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 1,4 ha и ги зафаќа следните катастерски парцели: дел од КП 16713, дел од КП 16716, дел од КП 16717/23, дел од КП 16717/24, дел од КП 16719/1 дел од КП 16720, дел од КП 16721, дел од КП 16772 и дел од КП 8001.

За останатиот дел од планскиот опфат се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за вон населено место за откуп и примарна обработка на земјоделски производи, м.в. ”Керамидница”, КО Кочани, Општина Кочани со техн.бр. Y01910 и врз основа на истите издадено е Решение за Услови за планирање на просторот бр. 15-765/4 од 24.02.2010 год.

Во непосредна близина на планскиот опфат се издадени услови за планирање на просторот:

- Услови за планирање на просторот за изработка измена и дополна на Генерален урбанистички план за град Кочани со тех бр. Y11913


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс за производство, дистрибутивно-откупен центар за откуп и финална обработка на земјоделски производи на КП 7193, м.в. Виничка вада, КО Кочани, Општина Кочани со тех. бр Y16011.

**Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Р Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y02421** се составен дел на Решението.

3. Измената и дополната на Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в ”Керамидница“, КО Кочани, Општина Кочани, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Урбанистички план вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в ”Керамидница“, КО Кочани, Општина Кочани** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина (“Сл.весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

6. Донесувачот на **Урбанистички план вон населено место – за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в ”Керамидница”, КО Кочани, Општина Кочани** е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18)

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **Урбанистички план вон населено место – за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в ”Керамидница”, КО Кочани, Општина Кочани**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Кочани**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), со постапка бр. 33898 од 05.02.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Измена и дополна на Урбанистички план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в ”Керамидница”, КО Кочани, Општина Кочани. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 20,38 ha. Површината за која што се бараат овие Услови за планирање на просторот изнесува 1,4 ha и ги зафаќа следните катастерски парцели: дел од КП 16713, дел од КП 16716, дел од КП 16717/23, дел од КП 16717/24, дел од КП 16719/1 дел од КП 16720, дел од КП 16721, дел од КП 16772 и дел од КП 8001. За останатиот дел од планскиот опфат се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за вон населено место за откуп и примарна обработка на земјоделски производи, м.в. ”Керамидница”, КО Кочани, Општина Кочани со техн.бр. Y01910 и врз основа на истите издадено е Решение за Услови за планирање на просторот бр. 15-765/4 од 24.02.2010 год.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Измена и дополна на **Урбанистички план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани** и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 311/2021 од 03.03.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Измена и дополна на Урбанистички план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани**, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изработка на Измена и дополна на Урбанистички план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани**и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

М И Н И С Т Е Р
Naser Nuredini

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk